# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИТАЛИЈАНСКА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА" ОД АВТОРКАТА ДОЦ. Д-Р ЕВА ЃОРЃИЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1902-131/14 од 146. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 13.10.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Радица Никодиновска, Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- доц. д-р Светлана Јакимовска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Италијанска култура и цивилизација" од авторката доц. д-р Ева Ѓорѓиевска** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Италијанска култура и цивилизација" од авторката доц. д-р Ева Ѓорѓиевска претставува учебно помагало адаптирано на содржините од предметот *Италијанска култура и цивилизација 1*, кој студентите од групата Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип го слушаат во првиот семестар со фонд на часови 2+1+1. Ракописот треба да ја опфати етапно историјата на италијанската цивилизација од нејзините почетоци па сè до современоста и има за цел да ги сензибилизира студентите за спецификите на италијанската култура, да ги запознае со најзначајните историски пресврти и општествени карактеристики на Италија, како и со претставниците на нејзините различни уметности. Авторката на почетокот од трудот приложува и табела од која се гледа распоредот на програмата што ја следи ракописот, на таков начин што наставните содржини се методолошки распределени за да одговорат на конкретните барања на предметот кој се изучува.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот содржи 70 страници во А4 формат кои структурно се поделени на три поглавја: 1. Италијанска историја, 2. Италијанско општество и култура, 3. Италијанска уметност. Така поделениот материјал би им овозможил на студентите постепено совладување на различните аспекти од материјата по предметот и нивно интердисциплинарно изучување во рамки на италијанската култура. Трудот располага со одлична селективност во однос на содржините кои ги опфаќа споменатиот период, правејќи синтеза на она што секој иден италијанист би требало да го има како културолошка основа во својата професија. Во исто време, начинот на којшто е изложена материјата би им овозможил на студентите стратегиски пристап во изучувањето на цивилизацијата, не само увид во нејзината историчност, туку и задржување на конкретни дела од споменатиот период кои се подложни на длабинска анализа. На крајот од трудот е понудена и библиографија која би можела да послужи за понатамошно продлабочување на сознанијата од областа.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Значењето на ракописот е несомнено со оглед на фактот што во моментов не постои сличен учебник на македонски

јазик кој се занимава со оваа проблематика, па токму овој ракопис ги синтетизира знаењата од италијанската библиографија и ги прави подостапни за студентите.

**Краток опис на содржината:** Пред почетокот на поделбата на поглавја, авторката прави семантичко разграничување на термините кои се среќаваат во насловот на предметот, „култура“ и „цивилизација“, со цел да му предочи на читателот кои наставни содржини ќе бидат опфатени во понатамошниот текст. Се дава и осврт на географските одредници на Италија со нејзино регионално ситуирање и наведување на најзначајните природни богатства. Првиот дел е посветен на италијанската историја, од првобитното население на Апенинскиот Полуостров, па сè до современата епоха. Авторката ја претставува и етрурската цивилизација која опстојува на овој полуостров подолго време и која има своја религија, писмо, јазик и споменици кои влијаеле на понатамошниот тек на италијанската историја. Видно место во трудот му е посветен на антички Рим со трите етапи во неговото владеење (кралство, република, империја), се прави портрет на двајцата значајни фигури од тој период, Цезар и Октавијан Август, се презентира владеењето на Константин Велики и се изнесуваат причините за конечниот распад на империјата на источно и западно царство. Следат двете кралства создадени од надворешните завојувачи на територија на денешна Италија, Остроготското и Лангобардиското, се презентираат општествените услови и начини на владеење во овој период, се воочува меѓународната позиција на Италија, како и интересите на папството и на Венеција кои се интерферираат во споменатите владеења. Како значаен се обележува и периодот на Светата Римско-германска Империја и перидот на обединување на Италија и на прогласување на нејзина државност. Трудот ја презентира и позицијата на Италија за време на Првата и Втората светска војна, како и современото општество по воениот период.

Во вториот дел со наслов *Италијанско општество и култура* се разгледуваат аспекти на италијанското живеење, белезите на економијата, спортот, образованието, гастронимијата... Сите овие сегменти треба да играат клучна улога во формирањето на претставата за Италија, како и да сведочат за белезите на менталитетот на нејзиниот народ.

Третиот дел се сосредоточува на италијанската уметност преку која оваа земја е препознатлива во светот. Преку италијанската музика презентирана по периоди и значајни автори пред сè на италијанската опера, потоа италијанското сликарство со претставниците на најзначајните сликарски дела, скулптурата, архитектурата, филмот...

Додека во првиот и третиот дел ракописот пристапува дијахрониски на моментите од италијанската цивилизација и уметност, следејќи го нивниот развој по периоди, во вториот дел се дава еден сеопфатен синхрониски пристап на аспектите на италијанското општество, онака како што функционира од почетокот на 20 век, со сите негови економски, културни, едукативни и практични содржини. Оттаму доаѓаат и неопходноста и значењето за наставата на идните италијанисти. Ракописот се служи од една страна со традиционалната наставна метода на селективност и презентација на авторите и обележјата од споменатите периоди со намера да им понуди на студентите почетни насоки на истражување во областа. Од друга страна, како негово дополнување авторката понудува практикум, каде што методолошката цел е на секоја од темите наведени во овој ракопис да се одговори со конкретна анализа покрената од низа прашања.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот на доц. д-р Ева Ѓорѓиевска претставува труд кој одговара на основните методолошки барања на професијата, нудејќи солиден и иновативен пристап во третирањето на книжевните теми. Ракописот нуди исцрпен осврт на поголем број автори од периодот кој се изучува, понудените содржини се претставени на начин кој овозможува полесно да се согледаат дистинкциите помеѓу споменатите културни периоди на изучување.

Исто така, ракописот по својот обем и структура се совпаѓа со начелата на Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот. Трудот е од несомнено значење за изучувањето на италијанската цивилизација во Македонија, бидејќи претставува прво дело од овој вид, кое би можело да се користи паралелно со изворната литература на италијански јазик. Ракописот во целост ги исполнува стандардите на публикувачката дејност и затоа како рецензентска комисија му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да го прифати трудот за објавување во е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Радица Никодиновска, с.р.**
**Доц. д-р Светлана Јакимовска, с.р.**